# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на | 27 Април 2018 година |
| Општина Ѓорче Петров | Скопје |
| Излегува по потреба | Бр.5 Год. XIII |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за формирање локален Совет за превенција ....................стр.2
2. Одлука за согласност на План за вработување за 2019 година ....................стр.5
3. Одлука за доделување на финансиски средства на Карате Клуб „Ѓорче Петров“- Скопје ............стр.7
4. Одлука за доделување на финансиски средства на ФК „Македонија -Ѓорче Петров 1932“ АД-Скопје ....................стр.9
5. Одлука за измена и дополнување на Програма за култура за 2018 година ....................стр.11
6. Правилник за условите и начинот за доделување на финансиски средства за поддршка на јавните дејности во Општина Ѓорче Петров ....................стр.14
7. Одлука за именување претставник во Управниот Одбор на Јавна Установа Детска градинка „Росица“ – Скопје, Општина Ѓорче Петров ....................стр.22
8. Одлука за усвојување на измени и дополнување (Анекси) на Програми 2017-2018 за Основни Училишта во Општина Ѓорче Петров ....................стр.24
9. Одлука за утврдување на цената и начинот на плаќање на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас, улиците со тротоари и другите јавни површини на територија на Општина Ѓорче Петров ....................стр.26
10. Заклучок за усвојување на Извештај за претходна анализа за основните елементи на проектот за воспоставување на ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров и давање согласнос за понатамошна постапка ............стр.31


Април 2018 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за формирање**
**Локален Совет за превенција**

Се објавува Одлуката за формирање локален Совет за превенција, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата седница на Советот, одржана на ден 27.04.2018 година.

**Број 09-1543/1**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр.5/02), член 11 и 25 од Законот за полиција (Службен Весник на Р.М. бр.114/06, 6/09 и 145/12), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата седница одржана на ден 27.04.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за формирање на Локален Совет за Превенција**

**Член 1**

Се формира Локале Совет за Превенција во Општина Ѓорче Петров.

Членови на Локалниот Совет за Превенција се :

- Градоначалник на Општина Ѓорче Петров;
- Раководител на Одделение за инспекциски работи во Општина Ѓорче Петров;
- Советник за спорт и култура во Општина Ѓорче Петров;
- Директор на Општинско Основно Училиште ;
- Претставник од Јавно обвинителство на Р.М.;
- Командир на полициска станица за ОН „Ѓорче Петров“;
- Претставник од Секторот за сообраќај од СВР Скопје;
- Претставник од одделот за превенција од СВР Скопје;
- Командир на противпожарен потцентар „Ѓорче Петров“;
- Управник на Поликлиника „Ѓорче Петров“;
- Претставник од Собранието на Р.М.;
- Претседател на Советот на Општина Ѓорче Петров;
- Член на Советот на Општина Ѓорче Петров;

- Член на Советот на Општина Ѓорче Петров;
- Претставник од Здружение за ПП заштита - Скопје;
- Претставник од Министерство за образование;
- Претставник од Министерство за здравство;
- Претставник од Центарот за социјални работи;
- Претставник од Секторот за сообраќај на Град Скопје;
- Претседател на Урбана заедница ;
- Претседател на Месна заедница ;
- Претседател на Здружението на пензионери „Ѓорче Петров";
- Претставник од медиумите.

**Член 2**

Со стапувањето на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Локален Совет за Превенција бр. 07-1594/10 од 07.06.2013 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 8/13).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1459/3**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на**
**План за вработување за 2019 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност на План за вработување за 2019 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата седница на Советот, одржана на ден 27.04.2018 година.

**Број 09-1543/2**
**од  27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа член 20а и 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/14 и 27/16), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ број 27/14, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата седница одржана на 27.04.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за Годишен план**
**за вработување за 2019 година**

**Член 1**

Со одлуката се дава согласност на Годишниот план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, број 04-1150/1 од 29.03.2018 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1459/4**
**Од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на Карате Клуб „Ѓорче Петров"- Скопје**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на Карате Клуб „Ѓорче Петров"- Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата седница на Советот, одржана на ден 27.04.2018 година.

**Број 09-1543/3**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 22-а од Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 29/2002; 66/2004; 83/2005; 81/2008; 18/2011; 51/2011; 64/2012; 148/2013; 187/2013; 42/2014; 138/2014; 177/2014; 72/2015; 153/2015; 6/2016; 55/2016; 61/2016 и 106/2016), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година број 08-3724/4 од 26.12.2017 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.19/2017), Советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата Седница одржана на ден 27.04.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на Карате Клуб „Ѓорче Петров"- Скопје**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансфер до спортски клубови, на Карате Клуб „Ѓорче Петров" - Скопје, се доделува износ од 300.000,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за подготвување на Монографија за клубот по повод 50 години карате спорт во Општина Ѓорче Петров, меѓународен карате турнир и учество на летни и зимски кампови и семинари во земјата и во странство.

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука, Карате Клуб „Ѓорче Петров" - Скопје, се обврзува да потпише меморандум за соработка со Општина Ѓорче Петров, а по завршување на активностите опишани во барањето бр. 03-665/1 од 21.02.2018 година, да поднесе детален финансов извештај до општината за потрошените финансиски средства добиени од општината, поткрепен со финансиска документација.

**Член 2**

Средствата да се уплатат на име Карате Клуб „Ѓорче Петров" - Скопје, на жиро сметка број 300000001375981, ЕДБ 4030994347528, Комерцијална Банка а.д.-Скопје.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1459/5**
**од 27.04.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на ФК „Македонија -Ѓорче Петров 1932" АД-Скопје**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на ФК „Македонија - Ѓорче Петров 1932" АД-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата седница на Советот, одржана на ден 27.04.2018 година.

**Број 09-1543/4**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 22-а од Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 29/2002; 66/2004; 83/2005; 81/2008; 18/2011; 51/2011; 64/2012; 148/2013; 187/2013; 42/2014; 138/2014; 177/2014; 72/2015; 153/2015; 6/2016; 55/2016; 61/2016 и 106/2016), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година број 08-3724/4 од 26.12.2017 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.19/2017), Советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата Седница одржана на ден 27.04.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на ФК Македонија-Ѓорче Петров 1932“**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансфер до спортски клубови, на ФК „Македонија - Ѓорче Петров 1932“ АД-Скопје, се доделува износ од 900.000,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за тековни активности, односно патувања на прввиот тим, карантин пред натпревари, плаќање на дополнително нарачана опрема и други непредвидени трошоци во текот на првенството за влез во Прва Македонска Лига..

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука, ФК Македонија – Ѓорче Петров 1932 АД-Скопје, по завршување на активностите опишани во барањето бр. 05-938/1 од 12.03.2018 година, се обврзува поднесат детален финансов извештај до општината за потрошените финансиски средства добиени од општината, поткрепен со финансиска документација, согласно член 4 од Меморандумот за соработка со Општина Ѓорче Петров, број 03-683/1 од 19.02.2018 година.

**Член 3**

Средствата да се уплатат на ФК Македонија – Ѓорче Петров 1932 АД-Скопје, на жиро сметка број 280 1041019972 68, СИЛК РОУД Банка а.д.-Скопје.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1459/6**
**од 27.04.2018 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување**
**на Програма за култура за 2018 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Програма за култура за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата седница на Советот, одржана на ден 27.04.2018 година.

**Број 09-1543/5**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М. број 5/02) член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата седница одржана на 27.04.2018 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2018 година

### Член 1

Се врши измена и дополнување на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2018 година, објавена во („Службен Гласник" на Општина Ѓорче Петров број 19/17).

### Член 2

Се изменува и дополнува Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2018 година во делот II. Активности-А. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВЕРСКИ И ДРЖАВНИ ПРАЗНИЦИ, ИСТОРИСКИ НАСТАНИ И ЛИЧНОСТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА , после точка 3, се додаваат зборовите и табела „3.4 Прослава на Денот на Крстот-Кучково"

| | | |
|---|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | На 1-ви Мај во село Кучково традиционално,се одржува голем општонароден собир, „Ден на Крстот". На овој ден ќе се одржат и рекреативен Ревијален марш од средсело во с. Кучково до Крстот, презентација на македонски овчарски кучиња од Кинолошки клуб, спортски игри: крос, Опен фан , ликовна колонија и културно-уметничка програма.<br><br>Традиционално се дели војничко гравче за сите присутни гости на собирот. | |
| **Главна цел:** | Анимирање на граѓаните, дружење со граѓаните и негување на традицијата. Истовремено со овој културен настан кој традиционално се одржува веќе 13 години, Општина Ѓорче Петров да стане препознатлива. | |
| **Време на реализација** | 1 Мај | |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров и МЗ Кучково | |
| **Резултати:** | Активно вклучување на граѓаните во одржување и негување на македонската традиција, препознатлив културен настан и промовирање на с. Кучково. | |
| **Предвидени** | Услуги за копирање и печат | 100.000,00 ден |

| | | |
|---|---|---|
| **трошоци по позиции** | Прехранбени продукти и пијалоци | 150.000,00 ден |
| | Договорни услуги | 150.000,00 ден |
| | Други оперативни расходи | 150.000,00 ден |
| | Угостителски услуги | 45.000,00 ден |
| **Предвидени финансиски средства** | **Вкупно :** | **595.000,00 ден** |

**Член 3**

Одлуката за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2018 година, е составен дел на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2018 година.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за јавни дејности да изработи пречистен текст на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2018 година.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник" на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-1459/7**
**Од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Правилник за условите и начинот за доделување на финансиски средства за поддршка на јавните дејности во Општина Ѓорче Петров;**

Се објавува Правилникот за условите и начинот за доделување на финансиски средства за поддршка на јавните дејности во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Деветтата седница на Советот, одржана на ден 27.04.2018 година.

**Број 09-1543/6**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

## ПРАВИЛНИК
## за условите и начинот за доделување на финансиски средства за поддршка на јавните дејности во Општина Ѓорче Петров

**Скопје, Април 2018 година**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ " Бр. 05/02 ), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Бр. 18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата седница , одржана на ден 27.04.2018 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за условите и начинот за доделување на финансиски средства за поддршка на јавните дејности во Општина Ѓорче Петров

### I.Општи одредби

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат начинот и критериумите врз основа на кои Општина Ѓорче Петров, согласно законските прописи и подзаконските акти, во рамките на средствата наменети во Буџетот на Општината, ќе доделува финансиски средства за поддршка на правни лица кои делуваат на територијата на Општина Ѓорче Петров и физички лица кои се жители на Општина Ѓорче Петров од областа на јавни дејности.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 се доделуваат на физички или правни лица, врз основа на поднесено барање до Општината, по кое постапува Комисија формирана од Градоначалникот.

**Член 3**

Граѓаните кои ќе поднесат барање до Општината за добивање финансиски средства, должни се во барањето да ги наведат причините поради кои имаат потреба од истите.

### II.Начини и критериуми за доделување на финансиски средства на физички и правни лица од областа на јавни дејности

**Член 4**

Општина Ѓорче Петров во рамки на можностите постапува по барања за финансиска поддршка на физички и правни лица, за следниве области:

**<u>А.Образование</u>**

Општина Ѓорче Петров доделува финансиски средства за поддршка на талентирани ученици и ментори за учество на државни и меѓународни натпревари и просветни работници за учество (со сопствен труд или излагање) на државни и меѓународни конференции.

Висината на финансиските средства за поддршка од областа на образованието ќе зависи од остварените резултати во последните 3 години на апликантот и категорија на

натпревар/конференција на кој ќе учествува апликантот според критериумите наведени во табелата, согласно приложените документи.

| Критериуми | Бодови |
|---|---|
| **1. Остварени резултати во последните 3 години на апликантот** | **10** |
| 1.1 Листа со референци (препораки, признанија и награди, претходни настапи на конференции, објавени трудови и слично)<br>Диплома за освоено I/ II/ III место на меѓународен натпревар (10,7,5)<br>Диплома за освоено I/ II/ III место на државен натпревар (3,2,1) | 10 |
| **2. Категорија на натпревар/конференција на кој ќе учествува апликантот** | **10** |
| 2.1. Меѓународен натпревар или конференција и местото каде се одржува натпреварот | 10 |
| 2.2. Државен натпревар/ конференција и местото каде се одржува натпреварот | 3 |
| **Максимално бодови** | **20** |

Максималната финансиска поддршка ќе изнесува 20.000,оо денари.

Барањето финансиски средства за поддршка од областа на образованието треба да содржи

- **Трансакциска сметка на барателот или старателот**
- **Копија од лична карта на барателот или старателот**
- **Потврда од училиштето за редовен ученик/ вработен**
- **Остварени резултати во последните 3 години на апликантот**

*Листа со референци (препораки, признанија и награди, претходни настапи на конференции, објавени трудови и слично).

*Копија од дипломи за освоени награди на државен и меѓународен натпревар

-**Категорија на натпревар/конференција на кој ќе учествува апликантот**

* Пријава за учество на натпревар/конференција или потврда од училиштето

**Б.Култура**

Општина Ѓорче Петров доделува финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија.

Висината на финансиските средства за поддршка од областа на културата ќе зависи од квалитет на апликантот и квалитет на програмата/проектот според критериумите наведени во табелата, согласно приложените документи.

| **Критериуми** | **Бодови** |
|---|---|
| **1. Квалитет на апликантот** | **10** |
| 1.1. Искуство во реализирање на програми, проекти и активности од областа на делување во културата | 5 |
| 1.2. Листа со референци (препораки, признанија и награди, претходни настапи на манифестации и слично) | 5 |
| **2. Квалитет на програмата/проектот** | **20** |
| 2.1.Детално разработени програмски активности од програмата/проектот и уредно пополнета пријава (апликација) | 6 |
| 2.2. Понудени квалитетни и иновативни решенија за реализирање на проектните цели кои содржат иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата | 7 |
| 2.3. Придонес и значење на програмата/проектот за развојот на културата во Општина Ѓорче Петров | 7 |
| **Максимално бодови** | **30** |

Максималната финансиска поддршка за правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата ќе изнесува 30.000,оо денари.

Барањето финансиски средства за поддршка од областа на културата треба да содржи

- **Трансакциска сметка**
- **Копија од лична карта / решение од централен регистар**
- **Квалитет на апликантот**

*искуство во реализирање на програми, проекти и активности од областа на младинското делување во културата

*листа со референци (препораки, признанија и награди, претходни настапи на манифестации и слично)

-**Квалитет на програмата/проектот**

*Детално разработени програмски активности од програмата/проектот и уредно пополнета пријава (апликација)

*Понудени квалитетни и иновативни решенија за реализирање на проектните цели кои содржат иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата

*Придонес и значење на програмата/проектот за развојот на културата во Општина Ѓорче Петров

**В.Спорт**

Општина Ѓорче Петров доделува финансиски средства за поддршка на спортисти и спортски клубови, здруженија на граѓани и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на спортот.

Висината на финансиските средства за поддршка од областа на спортот ќе зависи од статус и категорија на спортистот, клубот или здружението и остварени спортски резултати во последните 3 години според критериумите наведени во табелата, согласно приложените документи.

| **Критериуми** | **Бодови** |
|---|---|
| **1. Статус и категорија на спортистот, клубот или здружението** | **20** |
| 1.1. Потврда за учество во младински категории кои се занимаваат со **индивидуални спортови** во системот на натпреварувања на интернационален, државен или регионален карактер**.** | 10 |
| 1.2. Потврда за учество во младински категории кои се занимаваат со **колективни спортови** во системот на натпреварувања на интернационален, државен или регионален карактер**.** | 10 |
| 1.3. Потврда за учество во сениорски категории кои се занимаваат со **индивидуални спортови** во системот на натпреварувања на интернационален, државен или регионален карактер**.** | 20 |
| 1.4. Потврда за учество во сениорски категории кои се занимаваат со **колективни спортови** во системот на натпреварувања на интернационален, државен или регионален карактер**.** | 20 |
| **2. Остварени спортски резултати во последните 3 години** | **20** |
| **2.1** Рангирање или освоено прво, второ или трето место во системот на натпреварувања | 10 |
| **2.2** Вклученост на младите во спортските активности | 5 |
| **2.3** Придонес и значење на спортистот, клубот или здружението за развојот и промоција на спортот во Општина Ѓорче Петров | 5 |
| **Максимално бодови** | **40** |

Максималната финансиска поддршка за правни и физички лица што вршат дејност од областа на спортот ќе изнесува 40.000,00 денари.

Барањето финансиски средства за поддршка од областа на спортот треба да содржи
- Трансакциска сметка
- Копија од лична карта / решение од централен регистар
- **Статус и категорија на спортистот, клубот или здружението**

* Доказ или потврда за учество во младински/сениорски категории кои се занимаваат со **индивидуални или колективни спортови** во системот на натпреварувања на интернационален, државен карактер или регионален карактер
- **Остварени спортски резултати во последните 3 години**
* Освоено место во системот на натпреварувања
* Вклученост на младите во спортските активности
* Придонес и значење на спортистот, клубот или здружението за развојот и промоција на спортот во Општина Ѓорче Петров

**III. Комисија за разгледување на барања за еднократни финансиски средства или материјална поддршка**

**Член 5**

По поднесени барања за доделување на еднократни финансиски средства на физички или правни лица до 50.000 денари одлучува Градоначалникот на Општината по претходен предлог на Комисијата формирана од Градоначалникот.

По поднесени барања за доделување на еднократни финансиски средства на физички или правни лица над 50.000 денари одлучува советот на Општина Ѓорче Петров по претходен предлог на Комисијата за финансирање и буџет на советот на Општината.

**Член 6**

Комисијата работи на седници кои ги свикува и со кои раководи Претседателот на Комисијата, два пати во текот на месецот.

За текот на седниците на Комисијата се води Записник.

**Член 7**

Комисијата ја проверува основаноста и комплетноста на документацијата приложена кон Барањата во согласност со наведените критериуми.

Комисијата согласно утврдената основаност на Барањата изготвува предлог и истиот го доставува до Градоначалникот согласно член 6 став 1 од Правилникот да изврши доделување на финансиски средства на физички или правни лица.

Во случај на одбиени барања, комисијата изготвува Известување до подносителот на барањето.

Барањата поднесени во согласност со член 6 став 2 од Правилникот, Комисијата ги доставува со писмен поднесок до Комисијата за финансирање и буџет на Општината за понатамошно постапување.

Врз основа на прифатениот предлог од страна на Градоначалникот или советот на Општината, се изготвува Решение од страна на одговорното лице за административно техничка поддршка во Комисијата.

**Член 8**

Се задолжува Комисијата за разгледување на барања за еднократни финансиски средства или материјална поддршка, до советот на Општина Ѓорче Петров на секои три

месеци да доставува известување со комплетен извештај за висината на доделени финасиски средства со лични податоци за секој прималел поединечно.

## IV.Преодни и завршни одредби

**Член 9**

Составен дел на Правилникот е образецот за доделување еднократни финансиски средства.

**Член 10**

Со донесување на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за условите, начинот и постапката за распределба и доделување на финансики средства за поддршка на спортски манифестации, спортски клубови и спортисти број 08-479/6 од 23.02.2016 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.2/2016).

**Член 11**

Правилникот влегува во сила со денот на објавување во “Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров “

**Број 08-1459/8**
**Од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за именување претставник во Управниот Одбор**
**на Јавна Установа Детска градинка „Росица“ – Скопје,**
**Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за именување претставник во Управниот Одбор на Јавна Установа Детска градинка „Росица“ – Скопје, Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата седница на Советот, одржана на ден 27.04.2018 година.

**Број 09-1543/7**
**од  27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на Р.М." бр.5/2002), член 114 став 15 и член 115 став 1 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на Р.М." бр.23/13), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата Седница одржана на ден 27.04.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за именување претставник во Управниот Одбор на Јавна Установа Детска градинка „Росица" – Скопје, Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

За претставник во Управниот Одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка„Росица" – Скопје, Општина Ѓорче Петров, делегиран од Град Скопје, се именува:

- Снежана Петреска.

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Управниот Одбор трае 4 (четири) години.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за именување претставник во Управниот Одбор на Јавна Установа Детска градинка „Росица", број 07-1175/4 од 10.04.2014 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 5/2014).

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1459/9**
**Од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на измени и дополнување (Анекси) на Програми 2017-2018 за Основни Училишта во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за усвојување на измени и дополнување (Анекси) на Програми 2017-2018 за Основни Училишта во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата седница на Советот, одржана на ден 27.04.2018 година.

**Број 09-1543/8**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 35 став 5 од Законот за основното образование („Службен Весник на Р.М.“ бр. 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15) и член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општината Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 13/14) и Известување од Министерството за образование во насока за имплементација на клучните мерки од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020, бр. 12-13067/1 од 30.10.2017 година, Советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата седница, одржана на ден 27.04..2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на измени и дополнување на Годишните Програми за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров во учебната 2017/2018 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров ги усвои измените и дополнувањата на Годишните Програми за работа во учебната 2017/2018 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров, со Анекси со кои се имплементира Програма за антикорупциска едукација на учениците од 9-то одделение и тоа:

- Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ "Ѓорче Петров" за учебната 2017/2018 година,
- Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ "Мирче Ацев" за учебната 2017/2018 година,
- Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ "Димитар Поп Георгиев Беровски" за учебната 2017/2018 година,
- Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ "Страшо Пинџур" за учебната 2017/2018 година,
- Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ "Тихомир Милошевски" за учебната 2017/2018 година,
- Анекс на Годишна Програма за работата на ООУ "Јоаким Крчоски" за учебната 2017/2018 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-1459/10** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 27.04.2018 година** **Претседател,**
**С к о п ј е** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на цената и начинот на плаќање на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас, улиците со тротоари и другите јавни површини на територија на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на цената и начинот на плаќање на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас, улиците со тротоари и другите јавни површини на територија на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата седница на Советот, одржана на ден 27.04.2018 година.

**Број 09-1543/9**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/02) и член 62 од Законот за јавните патишта, („Службен весник на Република Македонија бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/115, 31/16, 71/16 и 163/16), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров прочистен текст (Службен весник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) Сатутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен весник на Општина Ѓорче Петров бр.13/14) Советот на Општина Ѓорче Петров, на 9-тата седница, одржана на 27.04.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на цената и начинот на плаќање на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас, улиците со тротоари и другите јавни површини на територија на Општина Ѓорче Петров

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува цената и начинот на плаќање на надоместоците за поставување на инсталации во трупот на патот , во патниот и заштитниот појас, улиците со тротоари и другите јавни површини на територија на Општина, а по претходно барање од страна на управувачот на инсталациите и други правни и физички лица.

### Член 2

Подносител на барањето за изведување на прекопи за подземни инсталации со градежно земјени работи може да биде:

- за електрични мрежни и телекомунакциски инсталации, подносител на барањето е управувачот на инсталацијата;
- за водовод и канализациони приклучоци, подносител на барањето согласно добиените хидротехнички услови за приклучоци е инвеститорот;
- за водовод и канализациони мрежи, подносителот на барањето е управувачот на мрежата;
- за прекопи за потеребите на други правни и физички лица.

### Член 3

Поставувањето на инсталациите од Член 2 на оваа Одлука, управувачот на исталациите, ќе ги врши соогласно со условите утврдени со оваа Одлука издадени од Општината.

### Член 4

Со оваа Одлука се утврдува цената за градежно земјени работи за изведба на прекопи за подземни инсталации на територија на Општина Ѓорче Петров, која изнесува 10% од нормираните цени за градежно земјаните работи за изведба на прекопи на подземни инсталации.

Износот од надоместокот од став 1 на овој член ќе се пресметува врз основа согласно Член 6 од оваа Одлука.

Од плаќањето на надоместокот за поставување на инсталации во јавните површини се ослободува ЈП Водовод и канализација-Скопје. Останатите одредби од одлуката за постапката и издавањето на согласноста за извршување на прекопи од страна на ЈП Водовод и канализација –Скопје, ќе се применуваат во целост.

**Член 5**

Нормирани цени за градежно земјени работи за изведба на прекопи за подземни инсталации за утврдување на цената од претходниот член на оваа Одлука се:

| **НОРМИРАНИ ЦЕНИ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ ЗА ИЗВЕДБА НА ПРЕКОПИ ЗА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. Бр** | **Опис на работите** | **Единечна мерка** | **Единечна Цена(без ДДВ)** |
| **1** | Сечење на бетонска или асфалтна подлога на тротоарска површина (1.0+1.5)$м^1$ | 2 $м^1$ | 160,00 |
| **2** | Комбиниран ископ – машински и рачен на земјена, бетонска или асфалтна подлога (за ров со димензии B=0,5 x H=1.0$м^2$) со утовар и транспорт до депонија на растојание од 3-5 км | 0,5 $м^3$ | 340,00 |
| **3** | Набавка, транспорт и посипување на кабелските инсталации со ситен песок со дебелина од 5 цм (B=0,5 x H=1.0 x L=1.0) | 0,5 $м^2$ | 60,00 |
| **4** | Набавка, транспорт и вградување на тампонски материјал од кршен камен со набивање во слоеви | 0,5 $м^3$ | 900,00 |
| **5** | Преередување на бехатон (1 $м^2$) бетонирање или асфалтирање на прекопот | 0,5 $м^2$ | 650,00 |
| | | **Вкупно на $м^1$** | **2.110,00** |

**Член 6**

Конечниот износ на надоместокот и точните количини ќе се утврди по целосното завршување на градежните работите, изготвената завршна пресметка (завршна ситуација) и извршен технички преглед од страна на Комисијата за технички преглед која записнички ќе ги утврди стварните количини на извршените работи, врз основа на што ќе се изврши

исплата на вишоците или повраток на вишокот уплатени средства за надоместок, за што општината ќе достави фактура или одобрение за повраток на средстват.

**Член 7**

За секое поединечно барање за добивање на согласност за поставување на инсталации на јавните површини, барателот е должен да достави банкарска гаранција од овластена банка во висина од вкупната цена за прекопот утврден во Член 5 од оваа Одлука.

Уплатата на надоместокот ќе се врши врз основа на предходно изготвен договор за предходно доставеното барање.

Договорот го изготвува општината, а потписници се двете заинтересирани страни.

Банкарската гарација за квалитетно завршување на прекопот, ќе се задржи за гарантен период од 3 до 18 месеци (зависно од големината на прекопот кој ќе го утврди комисијата), сметано од денот на завршување на градежните работи.

Рокот за враќање на банкарската гаранција по прецизно ќе биде утврден во договорот кој дополнително треба да го склучаат Општината и подносителот на барањето.

**Член 8**

Управувачот на инсталации е должен да ги обезбеди сите претходни мерки за безбедност на сообраќајот и пешаците (заштитни огради, сообраќајна сигнализација-знаци, ленти за обележување на местото на изведба).

**Член 9**

Управувачот е должен да ја извести Општината за отпочнување на градежната активност, за да Комисијата од одделението за комунални дејности изврши увид на лице место за почитување на Член 7 од одлуката, како и да го извести инспекторатот.

**Член 10**

Управувачот на инсталации, по изведувањето на работите, треба да ги доведе во првобитна сосотојба прекопите и оштетувањата направени при изведување на работите, најдоцна во рок од 15 дена од денот на завршување на градежно земјените активности, и за истото да ја извести Општината.

**Член 11**

Општината е должна, по доставувањето на барањето и банкарската гаранција, како и увид на лице место да издаде одобрување најдоцна во рок од 8 дена.

Општината може да го одбие (или пренасочи следејќи најблиска траса со цел за заштита на јавната површина) барањето за издавање на одобрување, ако со нивното поставување би се оштетил патот или биде загрозена безбедноста на сообраќајот, ако поставувањето битно влијае на одржувањето на патот или би било оневозможена негова реконструкција.

**Член 12**

Начинот на плаќање се дефинира со Одобрување за прекоп и договорот, по извршен Увид на лице место од страна на Комисијата од одделение за комунални дејности.

Висината за надоместокот за сторената штета ја утврдува Комисијата од одделение за комунални дејности која записнички ќе ги утврди стварните колични на извршените работи.

Комисијата за технички преглед ја формира Општината согласно Законот за јавни патишта.

**Член 13**

Надоместокот за поставување на инсталациите ќе биде дефинирано со пресметка која ќе биде составен дел од одобрувањето.

**Член 14**

Евентуалната штета која би настанала при поставување на инсталациите спрема трети лица, паѓат на терет на подносителот на барањето.

**Член 15**

Со денот на донесување на стапување во сила на оваа Одлука, престанува со важност Одлуката за утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместоците за поставување на инсталации на територија на Општина Ѓорче Петров број 07-122/7 објавена во (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.1/08).

**Член 16**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1459/11** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 27.04.2018 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за претходна анализа за основните елементи на проектот за воспоставување на ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров и давање согласност за понатамошна постапка**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за претходна анализа за основните елементи на проектот за воспоставување на ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров и давање согласност за понатамошна постапка, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата седница на Советот, одржана на ден 27.04.2018 година.

**Број 09-1543/10**
**од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 16 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Сл.Весник на Р.М. бр.6/2012, 144/2014, 33/2015, 104/2015 и 215/2015), член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров(„Службен гласник на Општина Ѓорче Петров„ број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата седница одржана на 27.04.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на за претходна анализа за основните елементи на проектот за воспоставување на ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за претходна анализа за основните елементи на проектот за воспоставување на ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров.

2. Извештајот е составен дел на овој Заклучок.

3. Заклучокот ке се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-1459/12**
**Од 27.04.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

# И З В Е Ш Т А Ј

**за претходна анализа за основните елементи на проектот за воспоставување на ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров**

- **Воведни напомени**

Врз основа на иницијативата на градоначалникот на општина Ѓорче Петров, Александар Наумоски за развивање на проект за подобрување на квалитетот на комуналната услуга - јавно осветлување, а врз основа на член 16 став 2 алинеа 1 од Законот за концесии и Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП) се пристапи кон изработка на овој Извештај за претходна анализа за основните елементи на проектот за воспоставување на ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров.

Имајќи во предвид дека јавното осветлување е во директна надлежност на општината која е утврдена во Законот за локална самоуправа, Законот за комунали дејности, Законот за комунална такса, Законот за град Скопје како и други подзаконски акти, што обезбедува не само обврска туку и право општина Ѓорче Петров да подготвуви и спроведе проект, преку воспоставување на ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров.

- **Потреба за проектот**

Потребата од реализација на овој проект се базира на препораките кои се дадени во Програмата за Енергетска ефикасност на општина Ѓорче Петров во делот на потребните инвестиции во нови енергетски ефикасни и паметни светилки и можности за обезбедување на систем за мониторинг, управување на системот за јавно осветлување.

Со цел за утврдување на потребата од проектот во продолжение е даден извадок од Програмата за Еенергетска ефикасност 2015-2017[1]: ``*Според податоците добиени од службата одговорна за јавното осветлување, во периодот меѓу 2011 и 2015 година, заменети се 2621 живина светилка со инсталирана моќност од 125[W] (2595 парчиња) и 250[W] (26 парчиња) кои биле во употреба во општината со нови 125[W] VTF6 флуоросцентни светилки (157 парчиња), 250[W] VTF флуоросцентни светилки (252 парчиња), како и 40[W] штедливи светилки (1754 парчиња). Исто така, секојдневно се работи на замена на расипаните и дотраените светилки и столбови. Во преостанатиот период од 2015 и во наредната 2016 се планира и инсталирање на ЛЕД светилки, при што некои од веќе постоечките светилки ќе бидат заменети со нови и поефикасни.*

*Инсталирањето на светилки со мала инсталирана моќност е условено од нестабилниот и мал напон присутен во мрежата на јавното осветлување. Поради тоа, потребно е во наредниот период да се направи проценка на новите потреби од електрична енергија и со тоа да се преземат активности за да се обезбеди стабилен напон во мрежата.*

*Според пресметките направени врз основа на бројот на светилки, нивната инсталирана моќност и годишната потрошувачка на електрична енергија, произлегува дека*

---

[1] *Програмата за Енергетска Ефикасност 2015-2017 е работена во 2014/15 година и се базира на податоци од n-3, а врз основа на податоците за период од 2015-2017 година состојбата е идентична, односно нема значителни промени на состојбата.*

*светилките во просек дневно работат 2-3 часови подолго од потребното време за опслужување што би значело прерано вклучување и задоцнето исклучување.*

*Ова се должи на системот на управување со осветлувањето кој во дел е изведен со временски-механички прекинувачи кои сепак не е можно во разумен рок да бидат наштелувани во однос на менувањето на времето. Другиот дел од системот за управување е раководен од страна на сензори за светлина кои често пати реагираат на облачно време како и на осветлување од вештачка светлина (осветлување од автомобилите). Двата системи за управување се инсталирани во трафостаниците заедно со мерачите на електрична енергија во точките каде што и јавното осветлување е реонски поврзано. Целосното јавно осветлување на општината Ѓорче Петров е поврзано на повеќе од 50-тина трафостаници.``*

Врз основа на претходно дадените податоци, како и изведените заклучоци и дадените препораки од изготвувачот на програмата за Енергетска ефикасност, јасно се гледа потребата од реализација на овој проект.

Исто така за потребите на овој Извештај се спроведе истражување за задоволството на граѓаните од квалитетот на јавното осветлување кое е дадено во Прилог 1, при што се доаѓа до заклучок дека повеќе од неопходна е потребата од реконструкција и модернизација на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров. Истражувањето се спроведе во период Март-Април 2018 година на два начина: (1) on-line (од 10 Април до 17 Април 2018 година во скратена форма на прашалникот) каде што таа можност ја искористија 245 граѓани и (2) преку директна дистрибуција на прашалникот (долга форма на прашалникот) каде целна група беа граѓани, вработени во ЕЛС, вработени во јавни институции, приватни компании и други со кои се направија околу 70-на интервјуа со цел да се дојде до посеопфатна информација за квалитетот на јавно осветлување во општина Ѓорче Петров.

Имено за потребите на истражувањето се изработија два прашалника (долга и кратка форма) со цел да се испита мислењето на граѓаните, а со голем број на одговорни лица се направија интервјуа во врска со оценка на квалитетот на јавното осветлување. Резултатите од истражувањето ја потврдија потребата од преоктот за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров, а во продолжение ќе биде дадена кратка анализа од истражувањето. На прашањето: Како го оценувате квалитетот на постојниот систем на јавното осветлување?, каде имаа можност за оценување за квалитетот од 1-5, над 79,8% од испистаниците одговорија со оценка помала од 3. На прашањето: Дали сметате дека е потребна модернизација на јавното осветлување?, каде имаа можност за избор со подршка или не, 98,4% од испистаниците одговорија со да, односно јасно ја искажаа потребата од модернизација на јавното осветлување. На прашањето: Дали сметате дека е општината треба да ја искористи можноста за воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП) со цел за модернизација на јавното осветлување?, каде имаа можност да направат избор за подршка или не, 82% од испитаниците одговорија потврдно со да, а 18% со не, при што неминовно се доаѓа до заклучок дека даваат силна подршка на општината за спроведување на проектот со воспоставување на Јавно-Приватно Партнерство (ЈПП) со цел за модернизација на јавното осветлување. Во истражувањето се поставија и други прашања во однос на иницијативи за инвестиции во енергетската ефикасност од каде се дојде до заклучок дека граѓаните се

свесни за потребата од таков тип на инвестиции и даваат подршка за развивање на модели на субвенционирање од страна на општината.
Конечно истражувањето покажа дека граѓаните не се задоволни како од квалитетот така и од квантитетот на осветлувањето, односно ниту од степенот на осветленост на постојното осветлување ниту од покриеноста со светилки на територијата со јавно осветлување. Вредно е да се забележи дека граѓаните сметаат дека износот кој го плаќаат за јавно улично осветлување е доволен за да добијат квалитетно јавно осветлување и целосно даваат подршка на општината за развивање и спроведување на проект кој ќе допринесе за поквалитетно јавно осветлување со искористување на современи ИТ, опрема за управување и поставување на енергетски ефикасни и паметни светилки (пред се ЛЕД светилки).

Покрај тоа што перцепцијата на граѓаните е дека квалитетот на јавна услуга - јавното осветлување што ја дава општината е на многу ниско ниво, сепак треба да се нагласи дека има и други недостатоци кои се пред се во делот на непостоење на база на податоци за инвентарот на јавното осветлување (светилки, столбови и друга опрема), немањето на можноста да се следи потрошувачка на електрична енергија, немањето на можноста ефикасно да се интервенира при евентуални дефекти, соодветна процедура и начин за пријавување на дефекти од страна на граѓаните, поради зависноста од ЕВН Македонија во делот на вклучување и исклучување на изводите за напојување со електрична енергија од трафостаниците, можноста за ефикаснот при одржување и развој на јавното осветлување и други недостатоци од аспект на пристап до опрема во ТС и столбови во сопственост на ЕВН Македонија.

Врз основа на напред наведеното може да се заклучи дека општина Ѓорче Петров има потреба од развивање и спроведување на проект за реконструкција и модернизација на јавното осветлување во општина Ѓорче Петров, а како можност за реализација се 4 (четири) опции:

- Опција 1, подготовка и спроведување на проектот самостојно со сопствени средства, односно буџетско финансирање,
- Опција 2, подготовка и спроведување на проектот самостојно со задолжување (кредит),
- Опција 3, подготовка и спроведување на проектот со воспоставување на ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување (со повеќе сценарија и опфат на инвестиции), односно проектно финансирање со средства од заштедите на електрична енргија и заштедите за тековно и инвестицоно одржување со позитивен паричен тек (cash flow), и/или
- Опција 4, подготовка и спроведување на проектот, како комбинација од претходно наведените опции,

Изборот на опцијата за реазлиација на проектот ќе следи од страна на Советот на општина Ѓорче Петров, а по изработка на Физибилити студија во која ќе се анализира проектот од технички, социо-економски, финансиски и правен аспект и ќе ги опфати сите наведени опции што ќе биде добра основа за носење на инвестициски одлуки во наредниот период од страна на менаџментот на општината.

- **Основни елементи на проектот за воспоставување на ЈПП**

Имајќи ги во предвид слабостите на постојниот систем за јавно осветлување во општина Ѓорче Петров, а земајќи во предвид дека општината има директна надлежност на јавната услуга, каде постои основа за воспоставување на ЈПП се утврдени основните елементи на проектот за воспоставување на ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров, каде со преоктот се очекува да се:

- *намали потрошувачката на електрична енергија за јавно осветлување,*
- *намалат трошоците за одржување на јавното осветлување,*
- *намалат трошоците електрична енергија за јавното осветлување,*
- *зголеми ефикасноста и брзината при отстранување на дефекти во јавното осветлување,*
- *осамостои системот за јавно осветлување и да биде независен од ЕВН Македонија,*
- *воспостави современ мониторинг и контрола на системот за јавно осветлување со примена на современа ИТ (софтвер, хардвер и друга опрема за мониторинг и контрола),*
- *обезбеди ефикасен систем за пријавување на дефекти од страна на граѓаните,*
- *допринесе за намалување на емисијата на CO2 во атмосферата,*
- *и други ефекти и резултати од аспект на безбедност во сообраќајот, намален број на кражби, зголемено движење и безбедност на граѓаните во ноќните часови и слични социо-економски ефекти.*

Со цел да се постигнат овие очекувања и ефекти од проектот е потребно да се дефинираат основните елементи на проектот за воспоставување на ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров, кои ќе бидат составен дел и на Физибилити студијата и тоа:

*- Утврдување на потребата од воведување на енергетска ефикасност и утврдување на опфат на инвестиции во системот на јавно осветлување,*

*- Дефинирање на технички барања за модернизација и мерки за развој на системот на јавно осветлување,*

*- Геометрија на системот на улично осветлување и утврдување на инвентарот на јавното осветлување,*

*- Потреба од воспоставување на функционалност со мерки за оперативност и мобилност на системот на јавно осветлување, со анализа на моделот на имплементација, одржување и управување на ИТ инфраструктура за имплементација на проектот за автоматизација на ЈО,*

*- Проценета вредност на ЈПП проектот на база на инвестициони, оперативни и други трошоци со анализа и проценка на опремата,*

*- Стандарди во делот на енергетска ефикасност, оперативност, мобилност и автоматизација на системот на јавно осветлување,*

*- Анализа на ризици со идентификација на ризици, управување со ризици, распределба, вреднување и нивно ублажување,*

*- и други елементи кои се дадени во прилог на овој извештај, односно е дадена содржината на 4 Книги од кои ќе се содржи целокупната документација за развивање на ЈПП проектот.*

Врз основа на вака поставените елементи кои се составен дел на Физибилити студијата како компилација од 4 Книги се обебзедува добра основа за подготовка и спроведување на проектот за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров.

- **План со фази за реализаиција на проектот**

Согласно, Законот за концесии и ЈПП и подзаконските акти е утврден планот на имплементација кој ќе се спроведе во три фази:

- ***Подготвителна фаза -1***

- Изработка на проектна програма и тендерска документација за избор на консултант за изработка на Физибилити студија (4 Книги),
- Избор на консултант за изработка на Физибилити студија (4 Книги),
- Одлука за прифаќање на Студијата од страна на Советот на општината,
- Одлука за започнување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на ЈПП од страна на Советот на општината,
- Формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на Договорот за ЈПП и други обврски согласно Законот за концесии и ЈПП.

- ***Постапка за доделување на договорот за ЈПП фаза – 2***

- Подготовка на Тендерска документација и нејзино одобрување од Градоначалникот на општината,
- Објавување на јавен повик за доделување на договорот за ЈПП ,
- Селекција на понудувачите,
- Евалуација на понудите,
- Извештај за евалуација и
- Одлука за избор на најповолен понудувач од страна на Советот на општината.

- ***Потпишување и следење на Договор за ЈПП фаза – 3***

- Потпишување на Договорот за ЈПП,
- Надзор и мониторинг во фаза на реализација на проектот,
- Надзор во оперативна фаза на проектот и мониторинг Договорот за ЈПП, и
- Останати активности утврдени согласно Законот за концесии и ЈПП.

**Прилог 1 – Графички приказ на резултати од истражувањето**



















**Прилог 2 – Содржина на Физибилити студија**

**Книга I - Физибилити студија за воспоставување на ЈПП за реконструкција, одржување, управување и развој на јавното осветлување во Општина Ѓорче Петров**

**Содржина**

**Извршно резиме**

**I. ОПШТ ДЕЛ**

**I.1. Правна основа за доделување на договор за ЈПП**

**I.2. Развивање на модели на ЈПП и дефинирање на видот на договорот за ЈПП**

**I.3. Проценета вредност на Договорот за ЈПП**

**I.4. Определување на предметот и опфатот на ЈПП**

**I.5. Определување на јавната услуга која е предмет на ЈПП**

**I.6. Определување на доброто од општ интерес**

**I.7. Определување и анализа на условите, начинот и параметрите на управување со предметот на ЈПП**

**I.8. Образложение за причините за подобрување на показателите на основните елементи на ЈПП**

**I.9. Утврдување на предлог модел на ЈПП**

**I.10. Идентификација на слабости и нивна елиминација и намалување**

**I.11. Општествени, политички и други прашања поврзани со ЈПП**

**I.12. Прашања поврзани со надзорот и контролата на ЈПП**

**II. ТЕХНИЧКА АНАЛИЗА**

**II.1. Опис на постојниот систем на јавно осветлување (ЈО)**

II.1.1. Технички опис на опрема и система на ЈО

II.1.2. Економско-финансиски параметри на постојниот систем на ЈО

II.1.3. Оценка на квалитет на осветленост на база на извршени мерења

**II.2. Утврдување на потребата воведување на енергетска ефикасност и утврдување на опфат на инвестиции во системот на јавно осветлување**

II.2.1. Варијанта 1 – инвестиции и одржување со компоненти на опфат на подземни и надземни водови, столбови, светилки, ормарчиња, систем за мониторинг, управување и контрола, работа на call центар и воспоставување на систем 48 часа и друга електрична и ИТ опрема

II.2.2. Варијанта 2 – инвестиции и одржување со компоненти на опфат на столбови, светилки, ормарчиња, систем за мониторинг, управување и контрола, работа на call центар и воспоставување на систем 48 часа и друга електрична и ИТ опрема

II.2.3. Варијанта 3 – инвестиции и одржување со компоненти на опфат на светилки, ормарчиња, систем за мониторинг, управување и контрола, работа на call центар и воспоставувањ е на систем 48 часа и друга електрична и ИТ опрема

**II.3. Дефинирање на технички барања за модернизација и мерки за развој на системот на јавно осветлување**

II.3.1. Анализа на карактеристики за избор на светилка

II.3.2. Автоматизација на системот на управување и мониторинг

II.3.3. Формирање и работа на call центар и воспоставувањ е на систем 48 часа

II.3.4. Обезбедување на самостојност на системот со изместивање на опремата за управување, контрола и заштита во посебни ормарчиња надвор од ТС на ЕВН

**II.4. Геометрија на системот на улично осветлување и утврдување на инвентарот на јавното осветлување**

**II.5. Идентификување на плански документи и проектна документација потребна за спроведување на постапка за ЈПП**

**II.6. Утврдувањена потребни подготвителни активности (план на активности)**

**II.7. Потреба од воспоставување на функционалност со мерки за оперативност и мобилност на состемот на јавно осветлување**
**II.8. Проценета вредност на ЈПП проектот на база на инвестициони, оперативни и други трошоци за 3 (три) опции на инвестиции**
**II.9. Анализа и проценка на опремата за ЈПП проектот за 3 (три) опции на инвестиции**
**II.10. Стандарди во делот на енергетска ефикасност, оперативност, мобилност и автоматизација на системот на јавно осветлување**
**II.11. Предлог за начинот на мониторинг и контрола на системот на ЈО**

**III. ФИНАНСИСКО – ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА**
**III.1. Анализа на трошоци и приходи (користи)**
III.1.1. Анализа на проекција на годишни трошоци
III.1.2. Анализа на проекција на годишни приходи
**III.2. Пристап и методологија со фактори на влијание во формирање на цени**
**III.3. Анализа на влијанија и слабости на ЈПП проектот**
**III.4. Компаративна анализа на алтернативни во однос на нулто сценарио за 3 (три) опции**
**III.4.1. Физибилити анализа на приходи и проектирање на готовински тек на пари (cash flow)**
**III.4.2. Анализа на трансакциони трошоци**
**III.4.3. Проценка на прифатливост и анализа на ефикасност на база на НПВ (Нето Сегашна Вредност) и ИРР (Интерна Стапка на Поврат) со заклучоци**
**III.4.4. Компаративна анализа на исплатливоста меѓу традиционалниот модел и проектниот ЈПП модел на реализација на проектот (Јавен Компаратор)**
**III.4.5. Проценка на Вредност за пари**
III.1.5.1. Проценка на Вредност за пари за во однос на опција 1
III.1.5.2. Проценка на Вредност за пари за во однос на опција 2
III.1.5.3. Проценка на Вредност за пари за во однос на опција 3
**III.4.6. Предлог за висина на надоместок/плаќања (мкд) за ЈПП одделно за секоја од 3 (трите) опции**
**III.4.7. Предлог за времетраење (години) на Договорот за ЈПП од 3 (трите) опции**
**III.4.8. Предлог за распределба на комунална такса за јавно осветлување (надоместок/плаќања, ел.енергија и нови инвестиции) од 3 (трите) опции**
**III.1.15. Предлог концепт за формирање на општински револвинг фонд за ЕЕ**

**IV. ПРАВНА АНАЛИЗА**
**IV. 1. Анализа на законската рамка за реализација на ЈПП проектот**
**IV. 2. Идентификација и Анализа на сопственичко правните односи**
**IV. 3. Идентификација на стекнатите стварни права со ЈПП проектот**
**IV. 4. Преглед на документација за спроведување на постапка на ЈПП проект**
**IV. 5. Чекори на процедура за спроведување на постапка за ЈПП проект**
**IV. 6. Анализа и препораки за содржината на Договорот за ЈПП**
**IV. 6.1. Услови за реализација на ЈПП**
**IV. 6.2. Посебни права и обврски на договорните страни**
**IV. 6.3. Одговорности при евентуалното неизвршување на обврските од Договорот за ЈПП**
**IV. 6.4. Видот и висината на гаранцијата за евентуално неизвршување на обврските од Договорот за ЈПП**
**IV. 6.5. Начинот и условите под кој ќе се врши пренесување на објектите, опремата и правото на јавна услуга**

**IV. 6.6. Предлог за видот на Договорот за ЈПП**
**IV. 6.7. Начинот на решавање на евентуални спорови**
**IV. 6.8. Начинот на верификација на постигнати резултати**
**IV. 6.9. Начинот на мониторинг и контрола над Договорот за ЈПП**

**V. Анализа на ризици**
**V.1. Идентификација на ризици, управување со ризици, распределба, вреднување и нивно ублажување**
**V.2. Ризик Матрица**

**VI. ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**
**V.1. Препораки за постапка за избор на приватен партнер**
**V.2. Предлог - Одлука за започнување на постапка на ЈПП**
**V.3. Предлог критериуми за селекција при избор на кандидати**
**V.4. Предлог - Тендерската документација**
**V.5. Предлог - Договор за воспоставување на ЈПП**

**Книга II – Анализа на моделот на имплементација, одржување и управување на ИТ инфраструктура за имплементација на проектот за автоматизација на ЈО**

**II.1. Опис на комуникациската инфраструктура за поврзување на елементите на системот**
**II.2. Анализа на безбедноста на информатичката инфраструктура**

**II.3. Опис на функционалните барања на платформата за паметен град**
**II.4. Опис на апликациите и нивни функционални барања**
**II.5. Предлог за начинот на искористување на инфраструктурата на ЈО за имплементација на функционалности на Паметен Град**
**II.6. Опис на функционирање на контакт центар и воведување на систем 48 часа**
**II.7. Дигитализација на системот на јавно осветлување во Општина Ѓорче Петров**
(Напомена: за потребите на точка II.7 може да се користи било кој модел или софтвер, а кој ќе обезбеди брза, лесна и сеопфатна можност за пребарување, просторен приказ и анализи на просторни податоци кои се во опфат на постојниот систем на јавносто осветлување со можност за негово ажурирање при реконструкција и развој на јавносто осветлување.)

**Книга III – Прелиминарна оценка на влијание на проектот врз животната средина**
**3.1.Релевантното национално законодавство**
**3.2.Релевантни Директиви на ЕУ**
**3.3. Постапка за оценка на влијание на проектот врз животната средина**
**3.4. Идентификација на можни влијанија на проектот врз животната средина**

**3.5. Предлог мерки за ублажување на негативни влијанија на проектот врз животната средина**

**3.6. План за мониторин на мерките за ублажување на негативни влијанија на проектот врз животната средина**

**Книга IV – Формирање на база на податоци, истражувања, анализа на резултати и заклучни препораки**

**4.1. Формирање на база на податоци за постојниот инвентар со предлог за негова супституција и редизајнирање во функција на зголемување на ефикасноста на јавното осветлување**

4.1.1. Спроведување на теренско истражување за попис на инвентарот на јавното осветлување

4.1.2. Анализа на податоци за светилки, арматура, столбови, подземна и надземна водови, ТС, ормарчиња, опрема за мерење, заштита и управувањ и друга опрема

4.1.3. Пополнување и обработка на податоци во excel табели или софтверски пакет

4.1.4. Квалитативна и квантитативна оценка на инвентарот на јавното осветлување

4.1.5. Предлог за зонирање на јавното осветлување по основ на квалитет и квантитет на инвентар

4.1.6. Предлог за супституција на постојни светилки со енергетски ефикасни и паметни светилки

4.1.7. Предлог за нумерирање на столбовите за јавно осветлување

4.1.8. Предлог за локации за поставување на ормарчиња за опрема на база на оптимизирање на оптеретеноста на секој од изводите од ТС

4.1.9. Предлог – опрема за поставување во посебни ормарчиња за мониторинг, управување, заштита и автоматизација на системот со примена на современи ИТ решенија

(Напомена: за потребите на Точка 4.1 е потребно да се дизајнираат excel табели или софтверски пакет, а минимум податоци кои е потребно да се земат во предвид се дадени во табелите во Прилог 1)

**4.2. Спроведување на истражување за потребата од реконструкција на јавното осветлување**

4.2.1. Спроведување на мерења за квалитет на осветленост на минумум 30 локации

4.2.2. Приказ на податоци од мерењата со оценка за квалитет

4.2.3. Анализа на постојна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување

4.2.4.Анализа на постојни трошоци за одржување на јавното осветлување

4.2.5. Проектирање на идна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување, односно предвидување за нивото на заштеди, побарувачката и развој на мрежата на јавно осветлување за период од 10 години

4.2.6. Спроведување на истражување на мислењето на граѓаните за квалитетот на јавни услуги

4.2.7. Анализа на истражувањето на мислењето на граѓаните за квалитетот на јавни услуги

**4.3. Заклучни препораки**

**Градоначалник,**
**Александар Наумоски с.р.**